# ПОЛИСИ БРИФ

## ПРЕДЛОЗИ И МЕРКИ ЗА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОД СПОРЕДБЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ЗЕЛЕНИ ПРАКТИКИ И ПОЛИТИКИ ВО РСМ И СРБИЈА

***ЗЕЛЕНА ИДНИНА ПРЕКУ ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРЕКУГРАНИЧНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА ЕКОЛОШКА АКЦИЈА***

**ЈУЛИ 2025**

прогрес
Институт за социјална демократија

DISCOVER SERBIA

Центар за истражување и анализи
НОВУС

## Содржина:

1. Вовед ... 3

2. Краток преглед на наодите од истражувањето за зелени политики и практики во Србија и Северна Македонија ... 4

3. Моментална состојба на зелените политики во Северна Македонија ... 5

4. Предизвици за имплементација на зелени политики во Република Северна Македонија ... 6

4.1 Политичка неангажираност и институционални бариери ... 6

4.2 Недоверба во институции и ниско чувство на влијание ... 6

4.3 Недоволна информираност и јавна свест ... 6

4.4 Слабо граѓанско вклучување и ограничено практично делување ... 7

5. Придобивки од имплементацијата на зелени политики ... 8

Клучни придобивки: ... 8

6. Препораки ... 10

Клучни препораки: ... 10

7. Предложени мерки за практична примена ... 11

Проширување и видливост на велосипедските патеки ... 11

Поголема транспарентност и достапност на податоците за квалитетот на воздухот ... 11

Подобрување и промоција на дигиталната алатка за пријавување проблеми ... 11

Постојана поддршка за младински еко-иницијативи ... 11

Озеленување на запуштени јавни површини ... 12

Формирање Локален совет за животна средина ... 12

Транспарентен буџет за животна средина ... 12

Зголемена видливост и практична достапност на електричниот јавен превоз ... 12

*Оваа анализа е подготвена од Центарот за истражување и анализи НОВУС во партнерство со Дисковер Србија, како дел од проект поддржан преку Програмата за грантови за тинк-тенкови на Прогрес – Институтот за социјална демократија и Фондацијата Калеви Сорса. Програмата е финансирана од Министерството за надворешни работи на Финска.* ***Ставовите и мислењата изразени во оваа публикација се исклучиво на авторите и не ја одразуваат официјалната позиција на донаторските институции.*** *Сета содржина е одговорност и интелектуална сопственост на ЦИА НОВУС и Дисковер Србија.*

# 1. Вовед

Во овој документ се обработува предизвикот со неефективната примена на зелените политики на локално ниво во Република Северна Македонија, што на долг рок создава недоверба кај граѓаните во институционалната способност да се справи со еколошките проблеми и го намалува интересот за активно граѓанско учество во животната средина. Иако постојат национални стратегии, закони и акциски планови, во пракса тие ретко се чувствуваат на терен, особено во руралните заедници, каде загадувањето, несоодветното управување со отпадот и недостигот на зелени површини директно го загрозуваат секојдневието на луѓето.

Целта на овој документ е, пред сè, да го нагласи значењето на зелените политики како алатка за унапредување на квалитетот на животот на локално ниво и да го истакне потенцијалот за граѓанска и институционална акција преку подобра координација, транспарентност и вклученост. Истовремено, брифот има за цел да ја подигне свеста кај јавноста и носителите на одлуки за итната потреба од зајакнување на спроведувањето на постојните политики, преку враќање на нивната основна функција – да овозможат здрава, чиста и одржлива животна средина за сите.

Потребна е координирана и интегрирана акција за да се спречи натамошното влошување на состојбата и да се воспостави систем каде граѓаните, институциите и локалните заедници заеднички ќе работат на еколошка транзиција што не само што ќе ја заштити природата, туку и ќе придонесе кон социјална правда, јавна здравствена заштита и локален економски развој.

Овој проект го спроведува Центар за истражување и анализи НОВУС во партерство со Discover Serbia и е финансиски поддржан преку Тинк-тенк програмата за грантови на Прогрес Институт за социјална демократија и Фондацијата Калеви Сорса. Програмата за грантови е поддржана од Министерството за надворешни работи на Финска.

## 2. Краток преглед на наодите од истражувањето за зелени политики и практики во Србија и Северна Македонија

Истражувањето спроведено во рамки на проектот „Green Future“ открива повеќе спротиставености на одговорите во односот на граѓаните кон животната средина: од една страна, постои висока свест за постоењето на еколошки проблеми, а од друга – ниска информираност за политиките што треба да ги решаваат. Во Северна Македонија, дури 77% од испитаниците ја наведуваат загаденоста на воздухот како најсериозен проблем, а по неа следуваат загадените реки и вода за пиење (50%), дивите депонии (46%) и климатските промени (41%). Слична е и сликата во Србија, каде дури 82% од граѓаните го посочуваат воздухот како најголем еколошки ризик, додека 78% ја идентификуваат проблематиката со отпадот и дивите депонии, а 76% – загадените води.

И покрај сериозноста на овие проблеми, граѓаните генерално изразуваат скептицизам во однос на институционалниот капацитет за справување со нив. Во Северна Македонија, само 11% од испитаниците имаат „висока“ или „целосна“ доверба во надлежните институции, додека во Србија ситуацијата е уште позагрижувачка – дури 77% од испитаниците имаат „мала“ или „никаква“ доверба. Особено е алармантна состојбата кај младите: 82% од младите во Србија и 54,5% во Македонија изразуваат недоверба или имаат само „умерена“ доверба во институциите што треба да спроведуваат еколошки политики.

Кога станува збор за информираноста за политиките, речиси половина од испитаниците во двете земји (45,6% во Северна Македонија и 49,2% во Србија) изјавиле дека не слушнале за ниту еден официјален документ или национална стратегија за заштита на животната средина. Дополнително, само 7,2% од испитаниците во Северна Македонија и 8,2% во Србија сметаат дека постоечките политики се навистина адаптирани на локалните потреби – што укажува на длабока отуѓеност меѓу креирањето и спроведувањето на политиките.

Сепак, не недостасува потенцијал за граѓанско ангажирање. Дури 75% од испитаниците во Северна Македонија и 78% од младите во Србија изразиле подготвеност да се вклучат како волонтери или поддржувачи на еколошки иницијативи. Но, реалната вклученост останува ниска – само 21% од младите во Северна Македонија и 48% во Србија имаат учествувано во некаква еколошка акција. Разликата меѓу потенцијалот и практичната мобилизација укажува на потребата од поинтензивна поддршка, менторство и создавање можности за локално вклучување.

Конечно, иако граѓаните во двете земји имаат развиено чувство за личното влијание од еколошките проблеми – 44% од испитаниците во Северна Македонија и 45% во Србија изјавуваат дека лично се погодени – тоа сè уште не се претвора во организиран притисок или политичко дејствување. Без поддршка од институциите и механизми за директно учество, оваа свест ризикува да премине во апатија, наместо во граѓански активизам.

## 3. Моментална состојба на зелените политики во Северна Македонија

Иако Република Северна Македонија формално е определена кон европскиот Зелен договор и поседува серија стратешки документи во областа на заштитата на животната средина, практичната примена на овие политики е сè уште ограничена, фрагментирана и често неусогласена со реалноста на локалните заедници. Климатскиот акциски план, Законот за животна средина, Стратегијата за управување со отпад и други нормативни акти остануваат недоволно познати и слабо разбрани, дури и меѓу оние категории граѓани кои имаат повисоко ниво на еколошка свест.

Оваа празнина меѓу стратегијата и нејзината имплементација јасно се рефлектира во резултатите од истражувањето. Поточно, 45,6% од испитаниците од Северна Македонија изјавиле дека немаат слушнато за ниту еден национален еколошки документ, додека само 7,2% сметаат дека политиките се вистински адаптирани на локалните потреби. Дури и меѓу повисоко едуцираните испитаници, иако има поголемо познавање на поединечни документи како што е Климатскиот акциски план, генералната слика останува дека јавноста не е активно вклучена во процесите на креирање, следење или евалуација на зелените политики.

Она што особено загрижува е што политиките се доживуваат како апстрактни и далечни, а не како практични алатки за подобрување на секојдневието. Кога учесниците беа запрашани дали еколошките политики имаат реално влијание врз нивната заедница, само мал дел одговорија потврдно, додека најголем дел одговорија „делумно“ или „не знам“ – што дополнително ја илустрира слабата комуникација помеѓу институциите и граѓаните.

Дополнително, на локално ниво, многу општини немаат посебни еко-програми, а уште помалку имаат активни механизми за учество на граѓаните. Иако Законот за животна средина нуди можности за консултации и јавни дебати, тие ретко се практикуваат во вистинска смисла. Општините, особено оние со ограничен буџет или во рурални области, немаат доволен институционален капацитет (стручен кадар, логистика, буџетски средства) за да го спроведат тоа што е пропишано на хартија.

За споредба, и во Србија се забележува слична ситуација – 49,2% од испитаниците не слушнале за ниту еден национален еколошки документ, додека само 8,2% сметаат дека политиките се адаптирани на нивните локални услови. Сепак, во Србија се појавуваат локални практики на колективно ангажирање, особено во помалите градови, каде граѓаните почнуваат самостојно да организираат акции за чистење, пошумување и рециклирање, како реакција на неефикасноста на институциите.

Северна Македонија, и покрај сличниот институционален контекст, сè уште нема развиено таков тип на локален отпор или граѓанска еколошка иницијатива што ќе ја компензира нефункционалноста на системот. Според податоците, 32,2% од испитаниците воопшто не можеле да предложат конкретна мерка или идеја за подобрување на животната средина во нивната заедница – податок што укажува не само на недостиг од информации, туку и на недостиг од простор за вклучување.

Од ова произлегува дека зелените политики во Северна Македонија моментално постојат како формална обврска, но не и како динамичен инструмент за локален развој. Без активно вклучување на општините, без поддршка за граѓанските иницијативи и без одговорност од институциите, политиките остануваат маргинализирани во реалниот живот на граѓаните.

# 4. Предизвици за имплементација на зелени политики во Република Северна Македонија

Анализата од истражувањето „Green Future“ јасно укажува дека имплементацијата на еколошките политики во Северна Македонија е оптоварена со системски, структурни и комуникациски пречки. Овие предизвици не произлегуваат од недостиг на законска рамка или стратегии, туку од тоа како овие политики се доживуваат, комуницираат и (не)спроведуваат на локално ниво. Податоците добиени од анкетираните граѓани во Струмица и споредбено со Белград ни дозволуваат да ги класифицираме клучните предизвици во четири тематски групи.

## 4.1 Политичка неангажираност и институционални бариери

И покрај тоа што земјата формално усвоила повеќе стратегии и планови поврзани со животната средина, голем дел од граѓаните не ги чувствуваат нивните ефекти на терен. Според истражувањето:

**Главни предизвици:**

1. 60,6% од испитаниците во Северна Македонија ја наведуваат ниската политичка волја како најголема пречка за примена на зелените политики.
2. 41,7% од граѓаните веруваат дека политиките се само делумно адаптирани на локалните потреби, а 30,6% не знаат дали воопшто се применуваат.
3. Само 27,2% од испитаниците сметаат дека животната средина е приоритет за нивната локална власт – што го покажува отсуството на локална политичка иницијатива.

## 4.2 Недоверба во институции и ниско чувство на влијание

Ниското ниво на доверба во институциите е повторлив тренд низ истражувањето и претставува значаен индикатор за тоа зошто политиките немаат поддршка во заедниците.

**Главни предизвици:**

1. 46,1% од испитаниците имаат „мала“ или „никаква“ доверба во институциите задолжени за заштита на животната средина.
2. Само 11,1% од граѓаните изразуваат „висока“ или „целосна“ доверба.
3. Младите (18–29 години) доминираат со „умерена“ доверба (54,5%), но речиси без висока доверба (само 3%), што укажува на генерациски јаз во перцепцијата на институционалната легитимност.

## 4.3 Недоволна информираност и јавна свест

Истражувањето открива алармантен недостиг од информации за постојните политики и механизми, дури и меѓу групи кои покажуваат интерес за еко-теми.

**Главни предизвици:**

1. 45,6% од испитаниците не слушнале за ниту една национална еколошка политика.
2. Иако 53,3% имаат слушнато за ЕУ Зелениот договор, останатите или не знаат или не се сигурни – што ја покажува плитката свест за регионални/европски процеси.
3. 32,2% од испитаниците не можеле да предложат ниту една конкретна мерка за подобрување на животната средина – што укажува на пасивност условена од неинформираност, а не од рамнодушност.

## 4.4 Слабо граѓанско вклучување и ограничено практично делување

Иако постои висока изразена волја за вклучување, реалната акција на терен е ограничена – што говори за јазот меѓу потенцијалот и поддржаните механизми за вклучување.

**Главни предизвици:**

1. Само 21,2% од младите (18–29 години) во Северна Македонија имаат учествувано во еколошка акција – највисок процент меѓу сите возрасни групи, но сè уште недоволен.
2. 75% од сите испитаници изразиле подготвеност да волонтираат или да поддржат еко-иницијативи – но ова не се одразува во практична мобилизација.
3. Руралните заедници често изразуваат несигурност околу сопственото учество, со висок процент на одговор „не знам дали сум учествувал/а“ – што го покажува отсуството на систем за вклучување и препознавање на граѓанското делување.

# 5. Придобивки од имплементацијата на зелени политики

И покрај изразената недоверба и ограничената информираност, податоците од истражувањето укажуваат на постоење на силен латентен потенцијал за граѓанско вклучување и позитивна перцепција за еколошките вредности. Голем дел од испитаниците – особено младите – изразуваат подготвеност да се ангажираат, дури и во услови на ограничени механизми за тоа. Овој факт отвора простор за преориентирање на политиките: од техничко-административен фокус, кон социјално-комуникативна трансформација што ги препознава луѓето како активни чинители.

Истовремено, истражувањето покажува дека голем дел од граѓаните веќе чувствуваат директни последици од еколошките проблеми врз сопствениот живот, што значи дека правилно насочените и добро комуницирани зелени политики можат да имаат реална, видлива корист – како за поединците, така и за општеството во целина.

## Клучни придобивки:

1. **Подобрено локално здравје и квалитет на живот**
   Дури 44% од испитаниците во Северна Македонија изјавуваат дека се директно погодени од загадувањето на воздухот, водата и почвата. Ефикасната имплементација на зелени политики (на пр. регулирање на отпад, чистење на депонии, пошумување) може да доведе до намалување на болести, подобар квалитет на воздухот и подобро здравје на населението.
2. **Зголемена доверба во институциите преку резултати на терен**
   Моментално само 11,1% од испитаниците имаат висока доверба во институциите. Но, ова ниво може да се зголеми со конкретни, видливи мерки, како што се локални зелени акции, отчетни програми, и транспарентно трошење на буџети за животна средина.
3. **Активирање на младинскиот потенцијал за волонтерство и иницијативи**
   Истражувањето покажува дека 75% од испитаниците се подготвени да се вклучат како волонтери, особено кај младите. Воспоставувањето поддржувачки систем за нивен ангажман (на пр. еко-хабови, иницијативни форуми) може да го претвори ентузијазмот во одржлив активизам.
4. **Јакнење на локалната самоуправа преку партнерства со граѓани**
   Само 27,2% од испитаниците сметаат дека нивната општина го третира животната средина како приоритет. Зелени политики кои вклучуваат локални советувања, јавни дебати и иницијативи со заедницата можат да создадат чувство на заедничка одговорност и да ја зголемат ефикасноста на општинските служби.
5. **Кревање на еколошката писменост и информираност**
   Бидејќи 45,6% од граѓаните не слушнале за ниту една еколошка политика, имплементацијата мора да вклучува комуникациски стратегии и образовни кампањи. Со тоа би се зајакнала јавната свест и би се создадиле нови генерации граѓани кои препознаваат што значи одржливост.
6. **Подобрување на јавниот простор и урбаниот амбиент**
   Загаден воздух, отпад и запуштени јавни површини се директно наведени како грижи во анкетата. Зелени политики може да придонесат кон урбана регенерација,

паркови, зелени коридори, велосипедски патеки – што пак води до подобра мобилност, безбедност и животна средина.

7. **Отворање на нови економски можности и локални иницијативи**
   Иако ова не беше централно прашање во анкетата, граѓаните кои предложиле мерки најчесто навеле иницијативи поврзани со рециклажа, комунални услуги и поддршка на локално производство – што укажува дека еколошката транзиција може да се претвори и во економска шанса.

# 6. Препораки

Истражувањето покажува дека постои јасна подготвеност кај граѓаните – особено младите – да се ангажираат околу прашања поврзани со животната средина, но тоа се случува во услови на слаба институционална поддршка, недоволна информираност и недоверба. Токму затоа, препораките се насочени кон јакнење на врската помеѓу политиките, институциите и граѓаните, преку мерки кои се реално изводливи на локално и национално ниво.

## Клучни препораки:

1. **Да се обезбеди системска, континуирана и транспарентна комуникација на зелените политики**
   Неопходна е јавна комуникациска стратегија за промоција на постојните политики, особено кај младите и руралните заедници, користејќи пристапен јазик, визуелни материјали и интерактивни алатки.
2. **Да се создадат отворени и достапни механизми за граѓанско вклучување**
   Потребни се структури (како локални зелени форуми, еко-совети, јавни повици за иницијативи) каде граѓаните ќе можат да предлагаат, дискутираат и следат спроведување на мерки.
3. **Да се зајакне улогата на локалната самоуправа како носител на зелената транзиција**
   Општините мора да добијат институционална и финансиска поддршка за да развијат и применат локални еколошки стратегии во соработка со локалната заедница.
4. **Да се воведат иновативни пристапи за градење на доверба со младите**
   Младите не се пасивни – тие се „резервиран ентузијазам“. Потребни се интерактивни програми, младински иницијативи, зелени хакатони и проекти водени од млади со институционална поддршка.
5. **Да се направи крстосекторска интеграција на еколошките прашања**
   Политиките за животна средина мора да се интегрираат во образованието, урбанизмот, здравството и транспортот, наместо да бидат третирани изолирано.
6. **Да се воспостави механизам за јавен мониторинг на имплементацијата**
   Транспарентноста е клучна за доверба. Потребно е граѓаните да имаат увид во тоа што е планирано, што е реализирано и со каков ефект – преку дигитални платформи, месечни извештаи и јавни презентации.

# 7. Предложени мерки за практична примена

Општина Струмица е една од ретките локални самоуправи во Северна Македонија која во изминатата деценија направи значајни чекори кон подобрување на урбаната еколошка инфраструктура. Изградени се велосипедски патеки, поставени се системи за мерење на квалитет на воздух, промовирани се дигитални апликации за пријавување на комунални проблеми и периодично се спроведуваат акции за чистење и озеленување во партнерство со училиштата и невладиниот сектор.

Сепак, резултатите од истражувањето укажуваат дека овие иницијативи не секогаш се комуницирани доволно транспарентно, не се познати за сите граѓани, а најчесто недостига континуитет и пошироко граѓанско вклучување. Затоа предложените мерки имаат за цел не започнување од нула, туку надградба на веќе постоечките капацитети.

## Проширување и видливост на велосипедските патеки

Иако Струмица веќе располага со неколку велосипедски патеки, нивната мрежа е делумна и сè уште нецелосно поврзана. Потребна е нивна интеграција во урбанистичкото планирање, обележување со соодветна сигнализација, и воведување на безбедносни елементи. Со тоа ќе се поттикне користењето на велосипеди како одржлива алтернатива, особено меѓу младите. Дополнително, може да се промовира преку активности како „Ден без автомобили“ и „Еко-викенд рути“.

## Поголема транспарентност и достапност на податоците за квалитетот на воздухот

Во Струмица постојат сензори за мерење на квалитетот на воздухот, но нивните податоци не се секогаш лесно достапни и разбирливи за обичниот граѓанин. Со поставување инфо-панели на јавни места (како градскиот плоштад или школските дворови) и едноставна визуелизација на податоците, ќе се зголеми јавната свест и ќе се поттикне одговорност.

## Подобрување и промоција на дигиталната алатка за пријавување проблеми

Општината веќе располага со алатка за пријавување комунални проблеми преку својата веб-страница. Оваа алатка треба да се надгради со посебна „еко-категорија“ (диви депонии, уништување зеленило, нелегални сечи), како и со јавно достапни месечни извештаи за бројот на пријави и преземени мерки. Промоцијата на алатката може да се изврши преку постери, социјални мрежи и интеракција со училиштата.

## Постојана поддршка за младински еко-иницијативи

Струмица има активен младински сектор и бројни примери на еко-настани и волонтерски акции. За да се осигура нивна долгорочност, потребно е воспоставување на Фонд за мали младински иницијативи, со транспарентни услови, менторска поддршка и јавен повик секоја година. На овој начин, младите ќе добијат институционална поддршка за да ги реализираат своите идеи.

## Озеленување на запуштени јавни површини

Постојат неколку јавни простори и маргинализирани зони во градот кои се нефункционални или запуштени. Тие можат да се трансформираат во „зелени џебови“, односно мали урбани паркови или училишни градини, во соработка со месните заедници, училиштата и локалните бизниси. Ваквите интервенции би придонеле за подобар амбиент и социјална кохезија.

## Формирање Локален совет за животна средина

Иако во Струмица има волја за соработка меѓу институциите и граѓанскиот сектор, сè уште недостига формализиран простор за заедничко делување. Советот би бил консултативно тело составено од претставници на локалната самоуправа, НВО, образовни институции и млади, со цел активно следење, предлагање и ревидирање на локалните еколошки политики.

## Транспарентен буџет за животна средина

Во моментов буџетските податоци се технички достапни, но не се разбирливи за јавноста. Потребно е изработка на визуелен, јасен квартален извештај за распределба и реализација на средствата за екологија, што би бил достапен на веб-страницата на општината и презентиран пред јавноста во месните заедници и училиштата.

## Зголемена видливост и практична достапност на електричниот јавен превоз

Струмица е позитивен пример на локално ниво, бидејќи располага со целосно електричен јавен превоз кој веќе вклучува линии и во руралните населби, како и мобилна апликација за следење на распоредот и движењето. Сепак, според перцепциите од теренот, оваа добра пракса не е доволно промовирана, особено кај младите и постарите граѓани. Недостигаат добро обележани и функционални автобуските постојки, како и дополнителни алатки за поттикнување на редовна употреба, како што се месечни бесплатни или симболични карти за редовни патници.

**За да се зголеми искористеноста на системот и да се зајакне неговото влијание како одржлива алтернатива, потребно е:**

- да се води јасна промотивна кампања (социјални мрежи, едукативни спотови, флаери),
- да се поставаат автобуски постојки со засолништа, инфо-табли и мапи,
- да се воведат повластени или персонализирани месечни карти, особено за ученици, млади, постари лица и лица со ниски примања.

Оваа мерка би ја зацврстила еколошката ориентација на градот и би дала дополнителна социјална и економска вредност на постојниот систем.

прогрес
Институт за социјална демократија

DISCOVER SERBIA

Центар за истраживање и анализи
НОВУС



ЈУЛИ 2025

# ЗЕЛЕНА ИДНИНА ПРЕКУ ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРЕКУГРАНИЧНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА ЕКОЛОШКА АКЦИЈА

прогрес
Институт за социјална демократија

DISCOVER SERBIA

Центар за истражување и анализи
НОВУС